РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-601/1
30-01-2026 г./v.

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 27-та седница одржана ден 23.01.2026 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

Пријавата со број 12-2048/1 од 23.07.2024 година, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што во истата нема наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршење на јавни овластувања и службена должност, а пријавеното лице не е службено лица во смисла на членот 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2048/1 од 23.07.2024 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител е доставена пријава со бр.12-2048/1 од 23.07.2024 година, во која се изнесени наводи против лице - -------------------------------- - ------------------ која се емитувала на регионалната телевизија ----------------------------------.

Државната комисија по извршен увид во пријавата констатира дека истата не содржи наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршење на јавни овластувања и службена должност, како и дека пријавеното лице не е службено лице во смисла на член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Поради тоа, не постои основ за поведување на постапка во согласност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Од наведените причини, Државната комисија донесе одлука со која ја отфрли пријавата.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk